Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**август 2024 година**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk



MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** ..... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... **3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 5

Индекси на прометот во индустријата ..... 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 8

Инфлација ..... 9

Берзански цени ..... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... **12**

Извоз ..... 12

Увоз ..... 13

Салдо на трговска размена ..... 15

Валутна структура ..... 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 19

Плати ..... 20

Пензии ..... 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... **22**

Примарни пари ..... 22

Депозитен потенцијал ..... 23

Кредити на банките ..... 24

Каматни стапки на депозитни банки ..... 24

Пазар на капитал ..... 25

Девизни резерви ..... 25

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## август 2024 година

- Во август 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,6% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во август 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,1% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во август 2024 година во однос на август 2023 година бележи пад за 8,9%;
- Стапката на инфлација во август 2024 година изнесува 2,2% на годишно ниво и регистрира понатамошно забавување на растот (3,0% во јули 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,5%;
- Во периодот јануари - август 2024 година, извозот забележа пад од 5,7%, а увозот раст од 0,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 19,7% споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – август 2024 година реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 197.543 милиони денари, што претставува 62,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,4% во однос на реализираните буџетски приходи споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – август 2024 година реализацијата на вкупните расходи изнесува 221.153 милиони денари, што претставува 61,0% од годишниот план, односно раст за 9,0% во однос на истиот период од 2023 година;
- Во август 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 7,5% во споредба со август 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во август 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,6% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите: Рударство и вадење камен за 18,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи за 4,6%, додека секторот Преработувачка индустрија забележа раст за 1,3%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во август 2024 година споредено со август 2023 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 38,7% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во август 2024 година раст е забележан во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 38,7% со придонес од 5,1 п.п., производството на електрична опрема за 10,9% со придонес од 0,6 п.п. и производство на машини и уреди за 29,3% со придонес од 1,9 п.п., додека пад е забележан во гранката производството на метали за 27,5% со придонес од -1,2 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во август 2024 година се забележува раст на производството во следните гранки: производство на текстил за 8,8% и придонес од 0,4 п.п., производство на тутунски производи за 66,1% со придонес од 0,8 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 12,2% и придонес од 0,1 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производство на облека за 28,1% со придонес од -1,8 п.п., прехранбена индустрија за 0,3% со придонес од 0,0 п.п., производство на пијалаци за 5,6% и придонес од -0,2 п.п. и производство на кожа за 19,3% со придонес од -0,1 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2024 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, август 2024 година)*




Извор: ДЗС

Индустриското производство според намената на произведените единици во август 2024 година споредено со август 2023 година е намалено во следните групи: Енергија (пад од 8,7% со придонес од -1,1 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 14,6% со придонес од -4,4) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,0% со придонес од -1,5 п.п.), а зголемено во групите: Капитални производи (раст од 28,7% со придонес од 6,6 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 34,0% со придонес од 1,2 п.п.). На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2024 година индустријата забележа пад од 3,6%, што се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,0% (придонес од -0,4 п.п.), Преработувачка индустрија за 1,1% (придонес од -0,9 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 20,5% (придонес од -2,5 п.п.).

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - август 2024 година е регистриран во групите: Капитални производи (за 1,3%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 5,6%), додека пад се бележи во следните гранки: Енергија (за 19,7%), Интермедијарни производи освен енергија (за 2,1%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,6%).

## Број на работници во индустријата

Во август 2024 година, бројот на работници во индустријата е намален за 0,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 0,9%, додека раст се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 4,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,3%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 29,0%, производство на пијалаци за 14,7% и вадење на јаглен и лигнит за 12,1%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија за 4,7%, Капитални производи за 10,5%, и Трајни производи за широка потрошувачка за 21,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - август 2024 година бележи раст за 1,4%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,2%, Преработувачка индустрија за 1,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,9%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - август 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,5%, Капитални производи за 15,6% и Трајни производи за широка потрошувачка за 12,9%.

## Продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во август 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,1%, во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 2,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 13,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 2,5%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во август 2024 година во споредба со август 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 12,1%, Производи за широка потрошувачка за 6,3% и Нетрајни производи за 6,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 0,9%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 0,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 3,9% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 2,4%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 0,6%.

Во периодот јануари - август 2024 во споредба со јануари – август 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 3,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,2%, Трајни производи за 4,3% и Нетрајни производи за 5,3%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во август 2024 година во однос на август 2023 година бележи пад за 8,9%. Падот се должи на намалениот промет во секторите: Рударство и вадење камен за 0,5% и Преработувачка индустрија за 9,3%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во август 2024 година во споредба со август 2023 година, прометот во индустријата се зголеми единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,8%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во август 2024 во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 86,5%);
- Производство на тутунски производи (раст од 23,2%) и
- Производство на електрична опрема (раст од 18,3%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - август 2024 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи пад за 12,8%, што се должи на намалениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 1,5% и Прерабоувачка индустрија за 13,2%.

Во периодот јануари - август 2024 година во споредба со периодот јануари – август 2023 година прометот во индустрија се зголеми во групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 0,1%, и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,3%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2024 година издадени се вкупно 275 одобренија за градење, што претставува пад од 20,1% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за реконструкција на објекти за 1,5% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 23,6%), додека кај објектите од

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

високоградба се забележува зголемување за 5,1%. Споредено со јули 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 26,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2024 година е пониска за 31,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 31,9%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 165 (или 60,0%) се наменети за објекти од високоградба, 45 (или 16,4%) за објекти од нискоградба и 65 (или 23,6%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2024)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони** *(во милиони денари)*




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 275 издадени одобренија за градење, на 167 објекти (или 60,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 108 објекти (или 39,3%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во август 2024 година предвидена е изградба на 531 стан со вкупна корисна површина од 52.648м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 34,3% на месечно ниво и за 43,7% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во јули 2024 година изнесува 2.796 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 0,5%, при што кај нискоградбата се забележува раст за 11,2%, додека пад има кај специјализираните градежни работи за 26,3% и кај високоградбата за 10,1%. Споредено со јуни 2024 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи пад од 15,4%, и тоа кај нискоградбата за 27,0% и кај специјализираните градежни работи за 56,2%, додека кај високоградба се бележи раст од 17,2%. Кумулативно, во периодот јануари – јули 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 17.579 милиони денари, што е за 6,2% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите седум месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 11.348 милиони денари, односно за 28,0% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој

период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 21,9% и изнесува 5.605 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 625 милиони денари, односно 25,7% повеќе во однос на истиот период минатата година.




На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - јули 2024 година се зголеми за 13,5%, при раст кај нискоградбата (36,8%) и кај специјализираните градежни работи (34,3%), додека кај високоградбата е забележан пад (16,6%).

## Промет во секторот трговија

Во август 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 4,4%, по растот од 9,5% во јули. Вредноста на прометот во август 2024 година изнесува 69.225 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - август 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 526.092 милиона денари, што е за 4,8% повеќе во однос на истиот период минатата година.




Кумулативно, во периодот јануари - август 2024 позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 286.597 милиони денари, односно за 6,3% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 208.854 милиони денари, што е за 3,6% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година, додека пад е забележан во секторот трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 30.641 милион денари или за 1,2% помалку во однос на истиот период лани.

На реална основа, во август 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 5,7%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во сите групи: трговија на мало со непрехранбени продукти за 2,3%, трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 10,8% и трговија на мало со автомобилски горива за 3,6%.

Во август 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,5%), а потоа следуваат Трговија на мало (41,0%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,5%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во август 2024 година изнесува 2,2% на годишно ниво и регистрира понатамошно забавување на растот (3,0% во јули 2024 година). Растот на инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, при што најголемо зголемување на цените има во угостителскиот сектор, додека прехранбената компонента регистрира забавен раст. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – август 2024 година изнесува 3,4%.




Во август 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) забележува забавување на растот и изнесува 5,3% на годишна основа (5,6% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели (1,7 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забележаа забавување на растот и изнесуваат 0,2% (пониски за 0,7 п.п. во споредба со претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во август изнесува 0,1 п.п. и нејзиниот придонес е намален во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаше поткатегоријата безалкохолни пијалаци (годишен раст од 6,4%, придонес од 0,2 п.п.). Најголем негативен придонес во цените на храната имаа цените на зеленчукот (-0,2 п.п.).




Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во август 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели за 14,1% (придонес во растот на вкупната инфлација за 0,8 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Здравствена заштита од 5,8%, Рекреација и култура и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од по 5,7%[2], Разновидни стоки и услуги од 5,4%, Комуникации од 3,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 2,7%, Облека и обувки од 2,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,9% и Образование од 0,3%. Пад на цените е регистриран во категоријата Транспорт од 1,2%.

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваа со ознаката „гарантирана цена“.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

Во август, потрошувачките цени се зголемија за 0,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,7%). Растот на цените на месечно ниво се должи на растот на цените на храната. Цените на храната се зголемија за 1,2% на месечно ниво и најголем придонес во растот имаше зголемувањето цените на зеленчукот (придонес од 0,5 п.п.).

Во август 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,0% на годишно ниво, при што се забележува забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,5%. Во периодот јануари – август 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,7% на годишно ниво.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во август 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали за 0,4 п.п. во споредба со јули и изнесува 2,2%[3].

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за аврозоната во нагорна насока, и тоа за по 0,2 п.п. за 2024 и 2025 година. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, во 2025 година 2,2% и во 2026 година 1,9%. Во наредните два квартала од 2024 година се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Во текот на 2024 година не се очекува драстична промена на инфлацијата и таа ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

## Берзански цени

Во август 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 5,2% на месечно ниво и изнесува 80,9 долари за барел, што е одраз на намалената побарувачка на нафта во Кина и најавите дека ОПЕК очекува да го зголеми производството. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 6,2%.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[3] Податокот е процена на Евростат

Во август 2024 година, цената на природниот гас регистрира раст од 11,1% на месечно ниво. Растот се должи на геополитичките тензии, вклучително и на ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток и загриженоста за потенцијалните прекини во снабдувањето на руско-украинската граница поради тековниот конфликт. Овие фактори ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Во август 2024 година, цената на природниот гас се намали за 1,1% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали (цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

На почетокот на 2024 година продолжи трендот на стабилизирање и намалување на цените на електричната енергија, но од мај цените регистрираа раст неколку месеци по ред кој беше прекинат во август кога цените регистрираа пад на месечно ниво. Цената на електричната енергија во август 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 120,8 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 10,9%, додека на годишно ниво е зголемена за 20,3%.

Во август 2024 година, цените на основните метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец. На месечно ниво се намалија цените на: оловото за 5,3%, бакарот за 4,4%, цинкот за 2,3%, калајот за 1,2%, никелот за 0,3% и алуминиумот за 0,2%. На месечно ниво се намали и цената на железната руда, и тоа за 6,5%.

Овој месец цената на златото регистрираше раст од 3,0% на месечна основа, додека цените на другите благородни метали се намалија, па така цената на среброто регистрираше пад од 4,2%, а цената на платината за 3,4%.

Во август, цените на пченката и пченицата се намалија на месечна основа за 4,0% и 6,0%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се намали за 1,9% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2024 година изнесува 12.531,5 милиони евра и бележи пад од 2,1% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,0%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите осум месеци од 2024 година изнесува 23,7% и е намалено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите осум месеци од 2024 година изнесува 5.190,2 милиона евра и бележи пад од 5,7% (312,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,7% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во август 2024 година изнесува 622,5 милиони евра и бележи раст од 12,1% (67,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 8,6% споредено со август 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во август 2024 година извозот бележи пад од 2,5% (15,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 2,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (5,3 п.п.) врз извозот овој месец.




**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)

Вредноста на извозот на храна во првите осум месеци од 2024 година е зголемена за 34,7 милиони евра, што претставува раст од 11,3% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 12,6%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите осум месеци од 2024 година изнесува 6,6% и е зголемено за 1,0 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот извоз на храната, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (42,9%), жита и преработки од жита (23,1%), месо и преработки од месо (9,0%) и млечни производи и јајца (7,7%).

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - август 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, а раст во следните групации: Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 6,7% на годишно ниво и учествува со 78,1% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 5,9% и учествува со 13,7% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите осум месеци од 2024 година изнесува 7.341,3 милиони евра и бележи раст од 0,6% (41,1 милион евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 7,9%.

Вредноста на увозот во август 2024 година изнесува 850,4 милиони евра, што претставува пад од 1,7% (14,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 16,5% споредено со август 2023 година.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Анализирано на месечно ниво, во август 2024 година увозот бележи пад од 10,2% (96,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 7,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,8 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во првите осум месеци од 2024 година е зголемена за 67,9 милиони евра, што претставува раст од 10,8% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 9,9%. Во првите осум месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,5% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот увоз на храната, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (22,1%), овошје и зеленчук (15,1%), жита и преработки од жита (13,0%), кафе, чај, какао и зачини (11,2%) и млечни производи и јајца (10,7%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 88,7 | 85,9 | -2,8 | -3,2 |
| Мил. ЕУР | 69,4 | 61,2 | -8,2 | -11,8 |
| Мил.$ | 75,3 | 66,3 | -9,0 | -12,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 826,7 | 776,5 | -50,2 | -6,1 |
| Мил. ЕУР | 587,8 | 559,9 | -27,9 | -4,8 |
| Мил.$ | 638,0 | 607,0 | -31,0 | -4,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 52,8 | 42,6 | -10,2 | -19,3 |
| Мил. ЕУР | 1.615,9 | 1.278,4 | -337,5 | -20,9 |
| Мил.$ | 1.753,3 | 1.385,4 | -368,0 | -21,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,7 | 20,4 | 1,7 | 8,9 |
| Мил. ЕУР | 120,9 | 118,8 | -2,1 | -1,8 |
| Мил.$ | 131,3 | 128,7 | -2,6 | -2,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 447,6 | 446,4 | -1,2 | -0,3 |
| Мил. ЕУР | 401,7 | 347,2 | -54,5 | -13,6 |
| Мил.$ | 435,7 | 376,4 | -59,3 | -13,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2023 | I - VIII - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 427,5 | 466,5 | 39,0 | 9,1 |
| Мил. ЕУР | 325,8 | 320,9 | -4,9 | -1,5 |
| Мил.$ | 353,5 | 347,8 | -5,7 | -1,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 19,7% односно 354,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2024 година, трговскиот дефицит се намали за 26,4% односно 81,6 милиони евра споредено со август 2023 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во првите осум месеци од 2024 година, 91,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Унгарија, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,0% од трговската размена во периодот јануари - август 2024 година е реализирана во евра, што претставува зголемување за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,8% и 90,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот останува на исто ниво, додека кај увозот е зголемена за 0,6 п.п. во однос на периодот јануари – август 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VIII - 2023 | | | | | I - VIII - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.055,1 | 6.532.906.014 | 61,5826 | 402.313.337.927 | 89,5 | 3.970,0 | 6.613.782.847 | 61,5508 | 407.083.625.270 | 90,1 | 80.876.833 | 1,2 |
| УСД | 680,5 | 770.347.121 | 56,7779 | 43.738.691.825 | 9,7 | 386,0 | 716.399.568 | 56,7876 | 40.682.612.114 | 9,0 | -53.947.553 | -7,0 |
| ГБП | 1,3 | 14.435.908 | 70,6403 | 1.019.756.877 | 0,2 | 1,9 | 15.868.136 | 72,1815 | 1.145.385.889 | 0,3 | 1.432.228 | 9,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.737,0 | | | 447.071.786.629 | 99,2 | 4.357,9 | | | 448.911.623.274 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 4.748,0 | | | 449.603.662.896 | 100,0 | 4.371,5 | | | 451.884.277.422 | 100,0 | | 0,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – август 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 197.543 милиони денари, што претставува 62,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 12,4% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 184.016 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што

стапката на реализација е 64,7% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува раст од 16,3% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 114.633 милиони денари (реализација од 65,2% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 68.226 милиони денари (годишен раст од 15,9%, односно 64,9% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите приходи, и тоа: данок на личен доход за 18,1%, данок на добивка за 19,0%, данок на додадена вредност за 19,6%, акцизи за 6,7%, увозни давачки за 15,2% и други даночни приходи за 45,6%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст за 6,7%, додека капиталните приходи бележат намалување за 6,6%, а приходите по основ на странски донации за 73,2%,

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – август 2024 година изнесува 221.153 милиони денари, што претставува 61,0% од годишниот план, односно раст од 9,0% во однос на истиот период од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 204.776 милиони денари или 64,4% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,0% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 22,1%, кај расходите за стоки и услуги за 7,3% и кај каматните расходи за 39,4%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 14,1%, водени од растот кај социјалните трансфери за 15,4%, расходите за здравствена заштита за 12,7%, блок и наменските дотации за 12,0% и субвенциите и трансферите за 11,2%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 16.377 милиони денари и се пониски за 37,7% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – август 2024 година во однос на иницијалниот буџет изнесува 36,6%.

Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – август 2024 година

| | Ребаланс на Буџет 2024 | Јануари-август 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **318.150** | **197.543** | **12,4%** | **62,1%** |
| **Даноци и придонеси** | **284.469** | **184.016** | **16,3%** | **64,7%** |
| Даноци | 175.751 | 114.633 | 16,7% | **65,2%** |
| Данок на личен доход | 31.542 | 19.887 | 18,1% | **63,0%** |
| Данок на добивка | 21.118 | 14.513 | 19,0% | **68,7%** |
| ДДВ | 78.458 | 52.289 | 19,6% | **66,6%** |
| Акцизи | 29.837 | 19.024 | 6,7% | **63,8%** |
| Увозни давачки | 13.556 | 8.272 | 15,2% | **61,0%** |
| Други даночни приходи | 1.240 | 648 | 45,6% | **52,3%** |
| Придонеси | 105.212 | 68.226 | 15,9% | **64,8%** |
| **Неданочни приходи** | **22.541** | **11.237** | **6,7%** | **49,9%** |
| **Капитални приходи** | **3.240** | **597** | **-6,6%** | **18,4%** |
| **Странски донации** | **7.900** | **1.693** | **-73,2%** | **21,4%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **362.816** | **221.153** | **9,0%** | **61,0%** |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тековни расходи** | **318.118** | **204.776** | **16,0%** | **64,4%** |
| Плати и надоместоци | 44.537 | 28.353 | 22,1% | **63,7%** |
| Стоки и услуги | 25.509 | 13.634 | 7,3% | **53,4%** |
| Трансфери | 230.439 | 149.646 | 14,1% | **64,9%** |
| Социјални трансфери | 169.794 | 110.408 | 15,4% | **65,0%** |
| ПИОСМ | 104.495 | 69.163 | 17,7% | **66,2%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 2.926 | 1.473 | 38,1% | **50,3%** |
| Социјална помош | 14.928 | 9.939 | 6,4% | **66,6%** |
| Здравствена заштита | 47.445 | 29.833 | 12,7% | **62,9%** |
| Други трансфери | 58.215 | 38.167 | 11,6% | **65,6%** |
| Камата | 17.632 | 13.143 | 39,4% | **74,5%** |
| **Капитални расходи** | **44.698** | **16.377** | **-37,7%** | **36,6%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-44.666** | **-23.610** | **-12,8%** | **52,9%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари – август 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – август 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во периодот јануари – август 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 23.610 милиони денари, што претставува 2,6% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 52,9% од годишниот план.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – август 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 48.691 милион денари или 75,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,4%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 34.769 милиони денари или 79,5% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 20,0% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 68,5% (9.752 милиона денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 25.135 милиони денари, што е 62,4% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 14.346 милиони денари или 64,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,9%, за што се потрошени 4.990 милиони денари, односно 63,4% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – август 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 9.445 милиони денари, што претставува 65,3% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,3%, за што се потрошени 6.455 милиони денари или 65,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,0%. За таа намена беа реализирани 1.698 милиони денари или 59,0% од годишниот план.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(август 2024 година)*



Извор: МФ.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.080 милиони денари што претставува 63,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,9% во вкупните расходи, реализирани се 69,1% од планираните средства за цела година, односно 5.648 милиони денари.

Во периодот јануари – август 2024 година, Министерството за одбрана реализира 11.352 милиона денари, што е 62,8% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаа најголемо учество во расходите со 36,4%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.136 милиони денари (69,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 34,1% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 3.866 милиони денари, односно 61,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – август 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.114 милиони денари, односно 55,0% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 56,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.191 милион денари (56,8% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 4.395 милиони денари или 58,5% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,8%, за што се потрошени 2.319 милиони денари или 66,3% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.610 милиони денари (51,6% од планираното за годината) и учество од 36,6% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – август 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 2.408 милиони денари, што е 18,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 74,7% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (1.800 милиони денари или 15,3% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.039 милиони денари, што претставува 59,0% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (418 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,2%, а притоа се реализирани 64,5% од планираните. По основ на Субвенции и трансфери отпаѓаат 26,1% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 272 милиона денари или 81,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите осум месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 122.958 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 4,5%.

Од вкупниот број нововработени, 42,5% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во август 2024 година, 13,5% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во август 2024 година изнесува 145.150, од кои 99.142 лица се активни баратели на работа, а 46.008 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 2,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јули 2024 година, бројот на невработени е намален за 117 лица.




Најголем дел од активните невработени лица (58,9%) е градско население, а според половата структура 47,7% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,9%, е со непотполно средно образование или помалку, 23,5% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати







Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јули 2024 година изнесува 40.961 денар и оствари годишен раст од 12,9%, а во однос на јуни 2024 година таа е пониска за 2,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јули 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (19,1%), Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,6%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (16,7%). Во јули 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 9,6%. Највисока просечна нето-плата во јули 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (75.612 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (94.693 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.152 денара, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.013 денари и секторот Рударство и вадење камен со 51.791 денар.

Просечната номинална бруто-плата во јули 2024 година изнесува 61.569 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 13,1%, а на месечна основа таа е пониска за 2,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јули 2024 година во однос на јули 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (19,5%), Финансиски дејности и дејности на осигурување (18,3%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (17,0%).

Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, јули 2024 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во август 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 339.922 пензионера. Од вкупниот број пензионери, 70,5% се корисници на старосна пензија, или 239.799 пензионери, 21,8% на семејна пензија или 74.184 пензионери и 7,6% на инвалидска пензија, односно 25.939 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во август 2024 година изнесува 21.200 денари односно за 11,3% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,7%.

Просечната старосна пензија во август 2024 година изнесува 22.860 денари, просечната инвалидска пензија 18.786 денари, а просечната семејна пензија 16.677 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.113 милиони денари, што претставува 53,4% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| **Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за август 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| старосни | 239.799 | 70,5% | 22.860,00 |
| инвалидски | 25.939 | 7,6% | 18.786,00 |
| семејни | 74.184 | 21,8% | 16.677,00 |
| Вкупно | 339.922 | 100,0% | 21.200,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 39 | | 10.898,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 748 | | 29.918,00 |
| **Вкупно** | 340.709 | | 21.217,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,30%, којашто е непроменета од септември 2023 година. По зголемувањата на основната каматна стапка во претходниот период, Народната банка ја држи непроменета, согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа.

Во август 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во август 2024 година, примарните пари[6] се намалија за 4,6% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 9,3%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 0,3%.

Во август 2024 година, примарните пари се зголемија за 8,2% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 6,1% и зголемувањето на готовите пари во оптек за 10,2%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (август 2024 година)




Извор: НБРСМ.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

## Депозитен потенцијал[7]

Во август 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 1,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на домаќинствата и депозитите на претпријатијата се зголемија за по 1,2% и 3,1%, соодветно.



Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*

Од аспект на валутата, во август 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа раст од 2,5% и 1,1%, соодветно.

Во август 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 13,2%, а депозитите во странска валута за 3,9%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 3,8% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 12,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***557.764*** | ***1,9%*** | ***9,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *321.141* | *2,5%* | *13,2%* |
| *Странска валута* | *236.623* | *1,1%* | *3,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *218.045* | *1,2%* | *-0,3%* |
| *Долгорочни* | *135.365* | *2,7%* | *22,6%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***467.411*** | ***0,5%*** | ***7,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *218.982* | *1,0%* | *13,3%* |
| *Странска валута* | *185.429* | *-0,4%* | *-0,2%* |

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| Според рочност: | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| *Краткорочни* | *69.200* | *0.3%* | *3,7%* |
| *Долгорочни* | *380.983* | *0,4%* | *8,0%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се намалија за 0,3%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 22,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,6% и овој месец тоа е зголемено.

## Кредити на банките

Во август 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,4% и раст на кредитите на претпријатијата за 0,5%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,0%, додека девизните кредити се намалија за 0,4%.

На годишна основа, во август 2024 година вкупните кредити се зголемија за 7,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 8,1% и 7,2%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 13,3%, додека кредитите во странска валута се намалија за 0,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,0%, а краткорочните кредити од 3,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,44%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,86%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,87%.

Во август 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,96%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 2,43%, а на девизните депозити за 0,03 п.п. и изнесува 1,54%

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,34%, а на новоодобрените девизни кредити 4,11%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,62% и 2,16%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во август 2024 година се намали за 61,3% на месечно ниво, како резултат на падот на класичното тргување за 69,0%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 112,3%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во август 2024 година изнесува 511,9 милиони денари, што претставува зголемување за 162,5% на годишно ниво.

На крајот на август 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 8.578,4 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 1,2%, а во однос на истиот месец претходната година за 49,8%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на август 2024 година е 4.469,8 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 0,9%, а во однос на август 2023 година за 13,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0